Врз основа на член 119 став 1, точка 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21), член 16 и член 91 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-654/12 од 01.08.2023 година и број на носителот на набавката 08-01/1 од 01.08.2023 година и Измената на Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност со број на договорниот орган 05-654/15 од 03.11.2023 година и број на носителот на набавката 09-11/23 од 03.11.2023 година со предмет на набавката: Реконструкција на повеќенаменско игралиште во градот Валандово, постапувајќи по Барањето за продолжување на рок поднесено од Носителот на набавката од 01.12.2023 година заведено под бр.03-654/16 од 01.12.2023 година а имајќи ја во предвид согласноста од овластен надзорен орган ДПИТУ „МГ Проект" ДООЕЛ Скопје, договорните страни

**1. Општина Валандово**, ул.„Иво Лола Рибар" бб, Валандово, со ЕДБ 4003008500464 и ЕМБС 6381871, застапувана од Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово, како „Договорен орган - Инвеститор" и

**2. Друштво за производство, трговија и услуги МСА КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со седиште во Скопје ул. ,,Томе Пуре" бр.1, ЕДБ 4030008052752 и ЕМБС 6434797 застапувано од Управителот Адем Сејди (во понатамошниот текст "Носител на набавката –Изведувач") вршат:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-654/18
01.12.2023 год.
Валандово

Друштво за производство, трговија и услуги
МСА КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 12-161/23
01.12.2023 год
СКОПЈЕ

## И З М Е Н А
## на Договор за јавна набавка во текот на неговата важност

Член 1

Поради неповолните временски услови со што дојде до отежнување на изведбата на работите од предметниот договор, околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не ја менуваат природата на договорот за јавна набавка, а поради кои носителот на набавката е спречен со реализација на договорот, се врши измена во член 12 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-654/12 од 01.08.2023 година и број на носителот на набавката 08-01/1 од 01.08.2023 година и Измената на Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност со број на договорниот орган 05-654/15 од 03.11.2023 година и број на носителот на набавката 09-11/23 од 03.11.2023 година со тоа што се продолжува рокот за завршување на работите за 20 дена сметајќи од денот на потпишувањето на оваа Измена на Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност заклучно со 20.12.2023 година.

Член 2

Останатите одредби од Договорот остануваат непроменети.

Член 3

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Договорен орган
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

Носител на набавката
ДПТУ МСА КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Одговорно лице
Адем Сејди

Изработил: С.Димитров
Контролирал: А.Трајкова
Одобрил:Ѓ.Аврамски